## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осмото продолжение на Четириесет и пettата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Почитувани пратеници, бидејќи координацијата помеѓу шефовите на пратеничките групи уште трае, од нивна страна сум замолен да ви се извинам поради тоа што одложено чекавте да започне седницата.

Исто така да ве информирам дека седницата ќе започне во 14,00 часот по финиширање на консултациите помеѓу пратеничките групи. Благодарам.

(Пауза од 11,28 до 15,39 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,39 часот)

Со седницата продолжи да раководи г.Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои не се влезени во салата да влезат во салата наскоро продолжуваме со 45-та седница.

Продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, фијат Цаноски, Данаил Дончев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 15. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има процедурално пријавени ве молам. Во однос на процедуралните пријави секој ќе добие можност што сака процедурална интервенција.

Оние што се од минатата седница уште пријавени, кои компјутерот ги памети од минатото заседание на истата седница до Александар Николовски. Сите други ќе треба да се пријават повторно, тоа не е голем напор и сите други ќе добијат збор, нема да се прекине процедуралната расправа се додека таа природно трае. Значи, се додека има на дисплејот пријавени кандидати за процедурални интервенции до крај ќе се почитува тоа. Но, молам да се почитува и ова, предност имаат тие што се пријавени од минатото заседание.

Според тоа, има збор господинот Јани Макрадули, повелете вашите три минути.

Другите можат да се пријавуваат после Александар Николовски.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Се јавувам процедурално, бидејќи вчера во Собранието имавме инцидент што се случи прв пат во овие 16 години во Собранието. Првиот се случи овде во салата, а вториот се случи во Охридската сала исто дел од Собранието на Република Македонија.

Вие во вашата изјава што ја дадовте вчера до медиумите укажавте на некои работи, би сакал процедурално и ние како пратеничка група на СДСМ да ги потенцираме и вашите заложби.

Прво, го поддржуваме или бараме да опстоите на отстранување на партиските обезбедувања во Собранието, во салите и ходниците на Собранието. На тој начин да ја вратиме нормалната дебата и атмосфера овде во Собранието, Клубот на пратеници да биде место во кое ќе бидат пратеници, а нема да има гости, заменици министри и министри кои тој ден немаат точка на дневен ред во Собранието. Да опстоите пратеничката група бара на процедурата и Деловникот кој е во сила во Собранието каде кога пратеникот се оддалечува од темата и зборува за нешто друго да го опомените и по неколку опомени да му го одземете зборот.

Она што нема да се согласам со вас е тоа дека дел од инцидентите се случиле за време на пауза, тоа е исто како да се случиле во Трговскиот центар. Охридската сала не е дел од Трговскиот центар, туку е дел од Собранието, а координацијата на пратеничките групи е инструмент, согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

За жал, тука нема што да се шпекулира, имаше неколку сведоци, за жал, таа координација на пратеничката група беше прекината, на таа координација. Имаше закани и тоа имаше закани лично до мене. Сметам дека треба како претседател на Собранието да ги преземете сите мерки за да дојдете до расчистување на тоа и сите оние кои ја преминаа црвената линија и се закануваа на пратеници, да преземете мерки тоа да не се случи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Кратко ќе одговорам.

Не само што се однесува до мене, туку што се однесува до сите членови на Координативното тело кое денес работеше интензивно во две продолженија повеќе од сигурно е дека ништо не може и нема да биде исто како пред инцидентот. Ништо не може и нема да биде исто по инцидентот како пред инцидентот. Инцидентот е премногу сериозен за да ние не преземеме она што можеме. Веќе е разговарано поопширно на координацијата за преземање на определени мерки, се надевам дека во следните процедурални забелешки ке бидат и тие спомнати и јас ќе имам прилика да ги кажам, но сигурно е дека сите ние мора да се размислиме многу сериозно за сите можни мерки што треба да ги преземеме за да ова не се повтори.

Следен за процедурално. Рековме после Николовски да се бришат, пак вие пријавете се, но да знаеме на оваа седница да знам кои се.

(Реакција од страна на пратениците од опозицијата)

Ве молам немојте, јас јасно реков нема никаков инцидент, секој кој ќе се пријави за процедурална интервенција ќе добие збор.

На ред е господинот Кондарко. Сега одиме по извесен ред.

(Пратеникот Бучковски прашува зошто е избришан)

Јас овде објаснив, се договарав со вашиот шеф на групата (пак реакција од пратениците).

Момент, момент од службите добив информација дека стариот список е избришан, овие се новопријавени. Готово. Што правите сега? Ако стариот список е избришан, а ова е нов, нека биде нов и да продолжиме, ве молам. (Реакција од пратениците).

Вратете го како што си беше. Првиот беше Макрадули, тој помина. (Направена е грешка)

Немојте да правите грешка, ставете го Макрадули на чело па после ќе го елиминирате оти тој заврши, ќе го елиминирате. Пиши бриши е тоа. Еве се одјави Макрадули. Терајте понатаму, по редот како што си беше.

Продолжете ве млам, да не правиме од такви дребни работи инцидент, после ке се каеме, ќе испаднат крупни инциденти за ништо. Дајте да не правиме.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Ќе почнам почитуван претседателе со вашиот одговор на процедуралната забелешка на координаторот на пратеничката група на СДСМ.

Вие, дефакто, со вашето признание дека нема се да биде исто како до сега потврдивте дека сте имале, а вие како најодговорен, сериозни процедурални пропусти во обезбедувањето на Собранието во текот на денешниот ден.

Значи, за да можеме нормално да имаме седница и да работиме  треба најпрвин да се утврди одговорност за она што се случуваше вчера, а вие како прв и најодговорен треба да одговорите на неколку прашања. Ако вие не одговорите на прашањата, постојат собраниски снимки од сите собраниски камери и ќе мора процедурално да имаме уште едно барање да ги добиеме како пратеничка група не само снимките во салата, туку и снимките низ собраниските ходници.

Прво, претседателе, ќе почнам со вас. Она што беше можеби најминорно, но недолично како за прв човек на Собранието во целата таа сериозна ситуација вчера беше вашето однесување.

Да не одиме понатаму и да не коментираме, за да не биде се исто како што рековте како до сега прво нешто што треба да направите е да си поднесете оставка.

Понатаму, зошто вие не го почитувавте веќе постојниот безбедносен правилник за тоа да не се дозволува влегување во собраниската зграда на неовластени лица. Вчера како што се обидовте да се извадите за правилникот тн., партиски боди гарди. Тоа е дирктно ваша одговорност затоа што правилникот постои и тој не се почитува.

Понатаму, што се случуваше во Охридската сала на официјалната координација. Значи, имаме закани, имаме напад на пратеници. Закана за координаторот на пратеничката група на СДСМ, напад на пратеничка од ДУИ и должите одговор овде за да можеме нормално да работиме и за тоа никогаш да не се повтори за да некој сноси одговорност кој ги изрекол заканите и кој ги нападнал пратениците. Потоа имавме напад на новинар во Собранието. Од кого е сето тоа направено. Без одговор на сите овие прашања, без преземање на официјални законски мерки на институциите во Република Македонија, ако тоа не се направи, оставате простор, за жал, и опасност вакви работи да се повторуваат и оние кои тоа го направија да се охрабрат и да останат неказнети со тоа што евентуално на секој од нас би можело да му се случи овде во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

По однос на вашиот предлог за снимките од актуелните камери внатрешни кои постојат во Собранието, таа тема беше опширно разгледувана на координацијата и нема ниту еден кој се спротивстави на тоа. Сите снимки од сите постоечки камери ќе бидат дадени на располагање. За жал, камерите, постоечките камери не го покриваат целиот простор на Собранието и во таа насока се одлучи денеска во разговорите кои траат перманентно да се обратиме, бидејќи законски леге артис за сите елементи на обезбедувањето на Собранието одговара Министерство за внатрешни работи , не Собранието. Се заклучи да испратиме писмо од страна на Претседателството на Собранието со определени предлози за засилување на безбедноста на Собранието, а најмногу во смисла на тоа да се дополни секаде каде нема камера во ентериерите на Собранието да има камера која е перманентно вклучена и која ќе не снабдува сите нас со веродостоен, фактички материјал за недај боже ако нешто се случи.

Во таа насока тоа можам да ви го кажам.

Во однос на вашето барање да поднесам оставка, Собранието е сосем особена институција. Ако јас имам власт некој што овде ќе употреби сила да му го зема мандатот, тогаш имам и одговорност да дадам оставка. Ако немам таква власт да можам само да молам, оти во стенограмите на ова Собрание од 13 месеци колку јас преседавам воглавно, претседаваат и потпретседателите, најчест збор е ве молам, ве молам, ве молам. Вие треба да ми викате господин ве молам. Сега правев флеш бек и ги

гледав сите. Во таа насока јас немам таква власт и немам таква одговорност, навистина.

Инаку, што се однесува до, тоа заборавив да одговорам, двата инциденти леги артис се случија во она време на нашето заседание кое се означува како пауза. Првото беше пауза дадена по член 88 во кој пишува дека претседателот кога ќе насети ситуација драматична, инцидентна, треба да даде пауза. Имено, тоа го направив, го направив на време, а вториот инцидент исто така се случи во време на пауза за координација.

Како што знаете даваме пауза, паузата може да е за ручек, може да е споена, но тогаш беше дадена пауза за да може да се направи координација. Значи, во таа насока леги артис тие два инциденти, јас не велам дека не можеле да се случат и вон паузите, кога човек ќе загуби контрола загубува контрола. Но, за тоа други институции надлежни во оваа држава ќе си донесат суд итн. Тоа ќе се развива и ќе видиме како ќе се развива. Ќе видиме кои ќе бидат обвинети, како обвинети итн. Но тоа е друго. Ние тоа будно ќе го следиме како Претседателство, се надевам и како Собрание, но ние да одлучуваме по некои работи нема да можеме затоа што тука се задира и во дејствија кои не се баш, не само што не се коректни, туку се и казниви. Тоа ќе оди понатаму.

Ве молам, да го уважиме дисплејот, сите ќе дојдете на ред.

(Реагира пратеникот Есад Рахиќ дека му е изместен редоследот).

Сега се договаравме да бидеме строги по еден ред. Јас немам ништо против вие да говорите ама ќе се јават уште 7 души исто така вон од редот. Дозволете. Ќе дојдете и на 44-то место, по три минути е процедуралната интервенција, сите ќе дојдете на ред, ве молам.

Ајде госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

Господине Рахиќ сфатете ме, знам, повелете госпоѓо Бендевска вашата процедурална интервенција.

(Реакција од пратеници)

Не се зафркаваме, времето не тече паушално, говорите сите, ќе дојдете на ред, нема да заврши ова, а да не дојдете на ред. Секој ќе дојде на ред, ве молам.

Повелете госпоѓо Бендевска од сега мериме време, ајде.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Мојата процедурална забелешка денес е, бидејќи чувствувам одговорност да забележам дека неодговорно и несериозно е денес само еден ден по скандалот што вчера се случи во ова Собрание да се инсистира проблемите да се стават под тепих и како ноеви да ја скриеме главата во песок и да изигруваме дека вчера ништо не било, денес станува збор за едно релаксирано Собрание и ќе продолжиме по точка од дневен ред како што следува. Но, почитувани колеги не е така.

(Реакции во салата)

Јас ве молам, да го сопрете времето, времето ми тече. Ќе ми додадете некоја секунда повеќе.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, да се сослушаме. 20 секунди ќе имате повеќе, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Вчера се случи не само скандал, вчера имаше физички напад врз пратеник, вчера беше нападнато собраниското обезбедување кое е задолжено да не штити нас пратениците. Па кога вашето обезбедување, господине Љубиша Георгиевски, не е во состојба да не заштити нас кој тоа нас ќе не штити.

Мојата процедурална забелешка господине Георгиевски се однесува повторно на член 56.

(Реакции во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам да се слушаме.

**Весна Бендевска:** Господине Георгиевски, денес треба да ја побараме одговорноста за вчерашниот скандал и тоа два типа на одговорност: командната и извршната.

(Гласни реакции во салата)

А бидејќи извршната очигледно вие добро ја постигнавте, бидејќи обврзани сте според Деловник да го штитите не само дигнитетот на ова Собрание, туку и редот и поредокот. Вие тоа вчера не го направивте. Вие дозволивте од оваа говорница говор на политичка омраза. Вие го потпаливте фитилот господине Георгиевски и сега сакате да не убедите дека не сте криви за огинот. Но уште што е пострашно, барам од вас да го почитувате член 218, бидејќи е многу јасно дека вчера не се работеше за инцидент, туку за организирано сценарио од страна на премиерот Груевски.

(Силни реакции во салата)

Зошто е тоа така? Една недела пред извештајот на Европската комисија каде што господинот премиер ќе биде окарактеризиран како главен виновник за непостоење на политички дијалог и во Собранието и во цела општествена јавност, требаше во ова Собрание како дежурен кривец, наметнато од страна на премиерот, а вие го дозволивте тоа господине Георгиевски, да се случи инцидент за да може господинот Груевски да излезе со една изјава на прочуен миротворец, да апелира до нас на свест, совест ...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Весна Бендевска:** Вие ми ветивте 25 секунди повеќе.

**Љубиша Георгиевски:** Поминаа, поминаа.

**Весна Бендевска:** Ве молам да ја довршам мислата.

**Љубиша Георгиевски:** Да, мислата довршете ја.

**Весна Бендевска:** Господине Георгиевски, одговорен сте заедно со вашиот наредбодавател

Груевски за дерогација комплетна на Собранието на Република Македонија.

Заради тоа очекувам денес по ваша иницијатива да расправаме за вчерашниот инцидент. Инаку ништо не сте сториле. Навистина покажете доблест и заминете од таа фотеља.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

Николоски Александар - Славица била пред вас.

Повелете госпоѓо Грковска.

Немојте да се карате, сега позитивно.

(Пратеникот Есад Рахиќ реагира и ја напушта салата)

Сега дискусијата беше помеѓу Грковска и Николовски.

Николоски, ајде продолжете, вашите три минути.

**Александар Николоски:** Да, во насока на доброто разбирање. Благодарам претседателе.

Јас би сакал како прв од ВМРО-ДПМНЕ да апелирам на неколку работи, да упатам на неколку работи, се надевам заеднички ќе се согласиме.

Прво, мислам дека ваквите процедурални реакции какви што беа, особено последната на колешката Бендевска, не придонесуваат кон она што сите сакаме да се случи, а тоа е нормализирање на атмосферата во Собранието и создавање на позитивна атмосфера за работа. Ако веќе сакаме да ги бараме виновниците, имаме два факти кои што треба да се знаат.

Прво, инцидентот случајно или не, неколку недели пред да се случи беше најавен во колумна на Никола Поповски, член на пратеничката група на СДСМ.

(Силни реакции од пратениците на СДСМ)

И втора работа, и ова не е во насока на подобрување на атмосферата, заради тоа што пратениците довикуваат кон мене, 20 секунди барам плус од времето.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам.

**Александар Николоски:** И втора работа, која што е исто така факт е дека вчера инцидентот го направи Садула Дураку, член на ДУИ, коалиционен партнер на СДСМ.

(Силни реакции од пратениците од СДСМ)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам. Ве молам не упаѓајте.

**Александар Николоски:** Она што треба ние денес да го направиме и за што би сакал да ве повикам претседателе ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, не упаѓајте.

Објавувам пауза од 15 минути заради упаѓање.

(Пауза од 16,05 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,26 часот).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Пред да му дадам збор на господинот Александар Николовски би ги замолил пратениците кои како примерот на госпоѓа Весна Бендевска, кога не се присутни на седница, не се потпишани на седница, не се пријавени за оправдано отсутни, лажно декларираат и изјавуваат од собраниската говорница.

Значи, госпоѓа Весна Бендевска не беше тука, а лажно изјавуваше за вчерашните случувања.

Има збор господин Александар Николовски, повелете.

(Бурни реакции од место).

Александар Николовски, процедурално, повелете.

**Александар Николовски:** Ме прекинавте.

(Реакциите од место продолжуваат).

**Бесим Догани:** Ако може господо да му дозволите на господинот Александар Николовски барем по втор пат да се изјасни.

Ве молам.

(Реакциите продолжуваат. Пратеникот Абдулади Вејсели се упатува кон претседавачот барајќи збор).

Не може. Ќе чекате ред, како што јас чекам ред.

Ви благодарам, ќе може да седнете?

Господине Абдулади, господо од СДСМ, ве молам, ве молам.

(Бурните реакции и дофрлања од место продолжуваат).

Ако не сакате да обезбедите тишина и мир во салата, можам пак да дадам пауза.

Повелете.

(Бурните реакции и дофрлањата продолжуваат).

Објавувам 20 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,51 часот).

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Процедурално се јави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Господине потпретседателе, се надевам дека конечно во третиот обид ќе добијам шанса да ја завршам мислата.

Помеѓу другото, овој начин на однесување и на работа не придонесува за враќање на атмосферата во Парламентот, кога пратеник не може да се изрази себе си, односно кога не може да си ја заврши мислата. Сето тоа говори за атмосферата во Парламентот.

(Дофрлање од место).

Може да завршам, благодарам.

Тоа што сакав да го кажам и што требаше да биде моја поента пред некаде час време е дека треба сите заедно, без разлика дали се работи за владеачките партии или за партиите од опозицијата, да собереме сила да ја надминеме оваа ситауција, да се погледнеме во очи, да ги акцептираме проблемите кои постојат и да се обидеме да најдеме решение.

Решението треба да го најдеме заеднички. Денеска имаше една средба на претседателите на политички партии и тоа е добро. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и премиер е подготвен до крајот на неделата да се одржи уште една лидерска средба на која што исто така ќе се разговара за состојбите во Парламентот. Она што треба да го направат пратеничките групи, она што треба ние да го направиме е заеднички да се потрудиме да ги смириме страстите, заеднички да се потрудиме и да апелираме до сите наши членови и симпатизери да ги задржат страстите, односно она што се случува како проблем во Парламентот да не се пренесе на друго место и така заеднички да продолжиме да работиме.

Претседателе, уште еднаш апелирам наместо да "бркаме вештерки" и да се обвинуваме меѓу себе, да бараме виновници, да ја спуштиме тензијата, да работиме одговорно. Ова е одговор на институција. Граѓаните тука не избрале да работиме во нивен интерес и да работиме во нивен интерес а не во интерес на нашите конфликти.

Се надевам дека ова ќе биде прифатено, се надевам дека ќе има разбирање од колегите пратеници, се надевам дека и продолжението на оваа седница и денес и утре и во петок и деновите што следуваат понатаму ќе покажат дека имаме капацитет да работиме за доброто на државата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Три минути за процедурално има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, почитуван потпретседателе,

Многу ми е жал што во овој момент претседателот на Собранието не е тука да ја води седницата. Но, бидејќи знам дека е во кулуарите, се надевам дека ќе ме слушне, заради тоа што она што вчера се случи во Собрнаието е последица од неговото несериозно и неодговорно работење со Собранието.

Заради тоа што ние, до сега, укажувавме дека селективното применување на Деловникот за претседателот на Собранието, во зависност од тоа кои пратеници зборуваат од оваа говорница и неговото нереагирање на упатување на навреди, особено кога ги изнесуваат пратеници од парламентарното мнозинство кон останатите пратеници, создава негативна атмосфера во Собранието, во оваа сала, благодарение на која вчера се случи кулминација.

Претседателот на Собранието ја има целата одговорност за она што се случуи вчера, заради тоа што година дена кумува ваква атмосфера. И, уште повеќе, на ниту една изнесена навреда во говорот на господинот Вејсели, 20 минути не реагираше, туку напротив се смешкаше и го одобруваше неговотооднесување.

Значи, затоа сметам дека ова што го зборуваме денеска, се занимаваме само со последиците на ваквата политика на претседателот на Собранието, меѓутоа за жал на Груевски, на ВМРО-ДПМНЕ. Заради тоа што ако сакам да прифатам дека проблемите што постојат треба заеднички да се решат, тогаш барем еден потег што очекував од премиерот Груевски да го направи е тоа да ги повика на разговор и да ги опомене неговите коалициони партнери, да поднење кривични пријави за сите оние кои го прекршија Законот вчера и уште повеќе, да го опомене претседателот на Собранието за ваквото водење на седниците.

Меѓутоа, она што се случи вчера, имам сериозни аргументи да верувам дека е договорено помеѓу господинот Тачи и господинот Вејсели. Заради тоа што господинот Вејсели во својот говор вели: "Затоа јас не сакав да говорам на оваа седница. Меѓутоа, ме принудија тие кои мислеа дека само на овој начин може да се говори" и тн. и тн.

И дека е ова договор помеѓу ДПА и господинот Вејсели зборува фактот дека вчера, во истиот момент кога се предизвика инцидентот заменик министерот за внатрешни работи господинот Рефет Елмази беше во Клубот на пратеници, заменик министерот Рефет Елмази е и денес тука во ова Собрание. И, ако господинот Груевски е искрен во намерите дека треба да се создаде позитивна клима за дебата во Собранието, тогаш...

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска...

**Славица Грковска:** ... треба да го повика заменик министерот за образование да работи на своето работно место а не да седи во Клубот на пратеници и да го поттикнува и да учествува во инцидентите во Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Времето ви истече.

Три минути процедурално има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине потпретседателе, мојата процедурална забелешка се однесува на претседателот на Собранието, но исто така, како и мојата колешка, се надевам дека ме гледа од ходникот.

Мојата процедурална забелешка се однесува на членовите 56 и 58 од Деловникот. Ќе ги цитирам.

Во членот 56: "Претседателот на Собранието, меѓу другото, донесува Правилник за внатрешниот ред на Собранието".

Под 1, тој Правилник не чини, евидентно е дека не се почитува ниту од пратениците, ниту пак е прецизно утврдена обврската , надлежностите или функциите на службите, меѓу другото и обезбедувањето во Собранието и под итно е потребно да се ревидира овој Правилник, ако е потребно и заедно, на една пленарна седница да го разгледуваме, бидејќи вака повеќе не може.

"Изрекува мерка отстранување на пратеник или друг учесник", од таа седница.

Па, ви се молам, претседателот неколку пати потенцира дека му се врзани рацете. Дека не може секогаш да интервенира. Во постојниот Деловник стои таа одредба.

Прашање е на политичко чувство, на сенс и на политички дијалог што за жал подолг временски период е нарушен во овој собраниски дом, да се утврди кога се отстапува или кога се преминува онаа црвена линија што сите ние можеме да ја препознаеме.

Значи, можеме да се довикуваме, можеме некултурно да се однесуваме, но временски гледано, во воздухот се чувствуваше дека ќе се изроди инцидент. И тоа се предупредуваше подолго време, дали од оваа собраниска говорница, дали од колумна, но поголем дел од пратениците се криваа како “ној во песок” или кажуваа дека тоа се измислици на одредени пратеници на СДС.

Јас не ви зборувам за минатото. Ви зборувам за во иднина. Ќе се случат и други немили инциденти и настани. Сакате ли овој собраниски состав да биде запаметен по тоа? Сакате ли дигнитетот на овој собраниски дом да биде сведен на 0,1% од рејтингот во однос на сите други државни институции? Дајте, да не го дозволиме тоа.

Во членот 58 “Се грижи за остварување на правата на пратениците и за обезбедување на услови за нивна работа”. Не може да стане збор за обезбедување на права на пратеници кога сите вие, на снимката на А1 видовте како еден пратеник беше притиснат до ѕид. Другите настани не ги видовме, но на телевизиската снимка на А1 се виде добро како друг претставник на висока институција му се заканува на пратеникот. Сакате ли, на било кој тоа може да му се случи...

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** ...и јавноста гледа и јавноста проценува и секогаш се прашува ако пратеникот не може да биде заштитен, како ќе бидам јас.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Три минути процедурално има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Можеби е предност што тука не е претседателот на Собранието, кој е еден од режисерите на сериозниот инцидент што се случи вчера. Затоа што, ако беше вистински домаќин на овој дом, дом на сите нас, немаше да дозволи, како прво да не знаеме пратеникот Вејсели што говори минута ипол. Дали некого рани со г..., дали некому покажува со рака да излезе надвор и да се пресмета. Јас, за жал, не го знам албанскиот јазик и тоа за мене е дилема. За да можам да го осудам и да побарам од него, како што и утре би побарал и од пратеникот Садула Дураку да ни се извинат на сите нас. Додека тоа не го знаеме, ние не можеме да продолжиме понатаму.

Значи, ако нема стенограм, треба да има врз основа на удио снимката запис што кажа од говорницата пратеникот Вејсели што предизвика сериозен инцидент.

И, како второ, за да можеме да продолжиме нормално да работиме, мора да се тргнат овие силни полициски сили. Ова не личи на ништо. Јас не сакам овде да доаѓам кога ќе видам дека има стотина униформирани лица вооружени до заби. Не сакам, како пратеник во овој Парламент да гледам вчера снимки што не можам да препознаам дека е центарот на Скопје, околу Парламентот, каде што се шетаат вооружени лица кои немаат ознаки дека се припадници на полициските сили.

И, уште повеќе, иститe тие, затоа што вчера ги толериравме, да претепаат еден новинар.

Ние сме должни, пишува во Деловникот да се грижиме за информирањето. Денеска, исто така, претставниците на седмата сила беа на удар на политичката нетрпеливост што ја создаде, пред се, во Парламентот претседателот на Парламентот. И не сега да се жали на шекерот, треба да се жали на тоа што нема капацитет да ги менаџира состојбите во овој Парламент.

Затоа потпретседателе,

Бидејќи вие сте помлад, вие немате проблем со шекерот, прво треба да обезбедите господинот Вејсели не да ни прераскаже што, туку да имаме во петок на почетокот стенограм од аудио записот што кажал. Дали беше тој кој го предизвика инцидентот со некој пресилно изразен збор, што јас не го разбрав. И, денеска има вакви неодговорности и толкувања.

И, како второ, од утре да продолжиме да работиме во нормални околности.

Кој може да ги повлече силите? Може ако дал овластување министерката, да го направи тоа заменик министерот за внатрешни работи кој, само тоа би била добрата причина што се наоѓа и денеска  и вчера во Парламентот. Значи, ако е тој одговорен, може да командува на полициските сили, нека си ја заврши задачата, нека се повлечат полициските сили, или ако може, ако уште лета со авиончето, нека летне премиерот, нека отиде во Австрија или каде требаше да оди, затоа што на тој начин дополнително ја зголемува политичката тензија и остава лош впечаток за меѓународната јавност дека не оди на битна средба, како што вели, заради тоа што има политичка криза.

Нема политичка криза ако овде не седи Љубиша Георгиевски, нема политичка криза ако се договарате со опозицијата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Пред да му дадам збор на господинот Павле Трајанов, само би објаснил по вашата процедурална забелешка дека тврдите дека господинто Вејсели упатил навреди или упатил

погрдни зборови кон пратениците на ДУИ. Бидејќи вие не го знаете албанскиот јазик...

(Дофрлања од место).

... бидејќи и господинот Макрадули, еве што го спомнавте, не го знаете албанскиот јазик и не го разбирате, јас бев присутен, слушав, разбирам албански и можам најискрено да ви кажам дека ниту една навреда во неговиот говор не беше упатена ниту кон СДСМ ниту кон некоја личност од ДУИ. Нормално...

(Реакции со дофрлања од место).

... нормално...

(Реакции од место).

Молам, ќе можете да издржите госпоѓо Шекеринска една минута? Јас издржувам цел ден да ве слушам.

(Реакции со дофрлања од место).

Ве молам, ве молам.

Ако не сакате...

(Бурни реакции со дофрлања).

Во ред, јас дефинитивно господине Бучковски, госпоѓо Шекеринска не можам да се разберам со вас. Јас, јас...

(Бурни реакции со дофрлања).

Јас се обидувам да ви објаснам дека единствените навреди упатени директно кон пратеникот Вејсели беа од страна на пратеникот Рафис Алити. Многу тешки, погрдни зборови на кои пратеникот Вејсели не им врати. Туку...

(Бурни реакции).

Јас сум претседавач...

(Бурни реакции).

Господине Ивановски, јас не сум адвокат, јас сум претседавач. Вашиот пратеник, во својата процедурална забелешка бараше објаснување. Еве, ви давам објаснување. Ве молам.

(Бурни реакции со дофрлања од место).

Не, не дозволуваат очигледно.

(Реакциите и дофрлањата продолжуваат).

Господине Макрадули сакате пак да дадеме пауза да се смирите?

Не, во ред.

Тогаш има збор господинот Трјанов Павле, повлете.

(Реакции од пратеникот Владо Бучковски со зборови дека бара стенограм од аудио снимката).

Се договоривме, се договоривме.

(Реакции од место).

Молам, мислам дека за тоа се договоривме, предлогот беше да обезбедиме, да не му пречиме на господинот Трајанов.

(Реакции од пратениците на СДСМ да се донесе таков заклучок).

Господине Макрадули знаете вие да зборувате еден по еден или секогаш вака зборувате 10 души?

Господине Макрадули, му се обраќам на господинот Бучковски, со него и џентлменски се разбравме, со господинот Тачи, со господинот Алити дека ќе го обезбедиме, ако не писмено, неговиот аудио запис. Мислам дека тоа беше јасно. Во ред.

Господине Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Сакам неколку работи околу сето тоа што се случи во Парламентот.

Прво, мислам дека Парламентот на Република Македонија ги кочи во целина реформите во Република Македонија, бидејќи...

(Реакции со дофрлања).

... бидејќи не функционира, не функционира така како што треба. Закочени се, пред се, судските реформи и затоа не можеме да воспоставиме правен систем и владеењето на правото.

Втора работа...

(Дофрлања од место).

... што сакам да укажам е тоа што се кочат и севкупните економски реформи што се битни за странски инвестиции, што се битни за отворање на нови работни места.

(Реакции со дофрлања, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Трета работа што е исто така многу битна, се спречува борбата против корупцијата и криминалот и тоа видовме како и на кој начин постапуваат токму пратениците на СДСМ тогаш кога треба да одлучат.

(Бурни реакции од место).

**Бесим Догани:** Ве молам, ве молам, господо пратеници ве молам.

**Павле Трајанов:** Тогаш започна насилничкото однесување во овој Парламент. Ние и за тоа треба да разговараме, не само тоа вчера што се случуваше.

Што се однесува...

(Бурни реакции со дофрлања од место).

**Бесим Догани:** Господине Ивановски, ве молам.

**Павле Трајанов:** Што се однесува, што се однесува...

(Реакциите не стивнуваат).

**Бесим Догани:** Пауза од 10 минути.

(По паузата).

Дами и господо пратеници, пред да ја заклучам денешната седница, за господинот Бучковски оригиналната аудио снимка на албански е подготвена и видео снимка исто така.

Исто така, бидејќи работното време заврши, тука ја прекинувам денешната седница.

За продолжување на седниците утре-задутре ќе бидете благовремено известени преку СМС пораки.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,32 часот)